# З А П И С Н И К

**од осмиот состанок на Комисијата на Агенцијата**

**за електронски комуникации за 2026 година**

Осмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 27.02.2026 година во 15:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, Анѓелка Диневска, Насер Адеми, Анкица Трпковска и д-р Адмирим Алити.

За овој состанок беше предложен следниот дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за осмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
2. Усвојување на записникот од седмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации;
3. Носење одлука за избор на кандидат, по Јавен оглас за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации, број 1102-3/4 од 29.01.2026 година.
4. Разно.

Претседателот на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите присутни членови на Комисијата се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за осмиот состанок во 2026 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

Во врска со точка 3, Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, по претходно извршено интервју со повиканите кандидати по јавен оглас за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации број 1102-3/4 од 29.01.2026 година, едногласно донесе Одлука за неизбор на Директор на Агенцијата за електронски комуникации.

Седницата заврши во 22:00 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател________

Анкица Трпковска, заменик претседател________

Анѓелка Диневска, член________

Насер Адеми, член________

Д-р Адмирим Алити, член________

Наш број 1102-11/2

Скопје 27.02.2026 година